КОРПОРАТИВНИ ПРАВИЛА ЗА ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА

1. Вовед

Преамбула

(1) Заштита на личните податоци на корисниците, вработените и други лица поврзани со Групацијата Дојче Телеком е главен приоритет за сите компании во рамките на Групацијата Дојче Телеком.

(2) Компаниите на Групацијата Дојче Телеком се свесни дека успехот на Дојче Телеком во целина зависи не само од глобалното вмрежување на протокот на информации, туку пред сè и од доверливо и безбедно ракување со личните податоци.

(3) Во многу области, Групацијата Дојче Телеком се перципира од страна на корисниците и генерално во јавноста, како единствен субјект. Оттаму, од заеднички интерес на компаниите на Групацијата Дојче Телеком е да дадат значителен придонес кон заедничкиот успех на компанијата и да го поддржат тврдењето на Групацијата Дојче Телеком дека е давател на висококвалитетни производи и иновативни услуги преку имплементацијата на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста.

(4) Со обезбедувањето на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста, Групацијата Дојче Телеком создава стандардизирано и високо ниво на заштита на приватноста на податоците ширум светот, кои што се применуваат на користењето на податоците како во рамки на една компанија така и помеѓу сите компании, и се однесуваат на преносот на податоците во рамките на Германија и меѓународно. Во рамките на Групацијата Дојче Телеком, личните податоци мора да бидат обработени од страна на примателот согласно принципите на законот за заштита на податоците кои што се применуваат и важат за страната која врши пренос.

2. Главен дел

Прв дел
Делокруг

§ 1 Правната природа на Корпоративните правила за заштита на приватноста

Корпоративните правила за заштита на приватноста се задолжителни во однос на обработката на личните податоци (според работниот документ 256, член 29 на работната група на Европската комисија1) за сите компании на Групацијата Дојче Телеком, кои што ги усвоиле на задолжителна правна основа. Корпоративните правила за заштита на приватноста се исто така обврзувачки за сите компании на кои што може да им биде наложено од страна на Дојче Телеком да ги усвојат како и за сите компании кои што ги усвоиле на доброволна основа, без оглед на тоа каде се собрани податоците.

§ 2 Делокруг на примена

Корпоративните правила за заштита на приватноста се применуваат на сите видови на обработка на лични податоци во рамките на Групацијата Дојче Телеком, без оглед на тоа каде се собрани податоците. Личните податоци се обработуваат во рамките на Групацијата Дојче Телеком за следните цели, а особено за:

а) управување со податоците на вработените при иницирање, имплементирање и обработка на договори за вработување и за обраќање до вработените со производите и услугите коишто им се нудат од Групацијата Дојче Телеком или од трети страни;

б) иницирање, имплементирање и обработка на договори со деловни и приватни корисници, како и за извршување на активности за маркетинг и истражувања на пазарот за целите на информирање на корисниците и заинтересираните трети страни за производите и услугите што им ги нуди Групацијата Дојче Телеком или трети страни, како што е соодветно.

в) иницирање и имплементирање на договорите со давателите на услуги на Групацијата Дојче Телеком, како дел од обезбедувањето на услуги за Групацијата Дојче Телеком.

г) овозможување на соодветно постапување со останатите трети страни, особено акционери, партнери или посетители, како и почитување на задолжителните правни прописи.

Податоците се користат во согласност со тековните и идните деловни цели на компаниите на Групацијата Дојче Телеком, што вклучуваат обезбедувањето на телекомуникациски услуги, дигитални услуги за приватните и деловните корисници, ИТ услуги (вклучувајќи ги услугите на дата центрите) и советодавни услуги.

§ 3 Поврзаност со други правни прописи

(1) Одредбите на Корпоративните правила за заштита на приватноста се дизајнирани така што да обезбедат високо и стандардизирано ниво на приватност на податоците ширум Групацијата Дојче Телеком. Постојните правни обврски и регулативи коишто поединечните компании мора да ги почитуваат во однос на обработката на личните податоци, а коишто ги надминуваат принципите утврдени во овие Корпоративни правила за заштита на приватноста или кои содржат дополнителни ограничувања за обработката и користењето на личните податоци, остануваат незасегнати од овие Корпоративни правила за заштита на приватноста

(2) Податоците кои се собрани во Европа се обработуваат генерално во согласност со правните прописи кои се во важност во земјата во која што податоците се собрани, без оглед на тоа каде се обработуваат податоците, но во најмала рака во согласност со барањата содржани во овие Корпоративни правила за заштита на приватноста.

(3) Применливоста на националното законодавство од областа на државна безбедност, народна одбрана или јавна безбедност или заради спречување и истрага на кривични дела и гонење на извршители на кривични дела, заради што податоците се пренесуваат на трети страни остануваат неафектирани од одредбите на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста. Доколку една компанија утврди дека значителен дел од овие Корпоративни правила за заштита на приватноста се во спротивност со националните одредби за заштита на приватноста на податоците, што влијае компанијата да неможе да ги усвои овие Корпоративни правила за заштита на приватноста, тогаш Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата Дојче Телеком треба да биде информиран без одложување. Одговорното надлежно тело на компанијата ќе се вклучи во улога на посредник.

§ 4 Престанок на важност и укинување

Овие Корпоративни правила за заштита на приватноста престануваат да важат за една компанија доколку истата ја напушти Групацијата Дојче Телеком или ги укине овие правила. Сепак, престанувањето на важноста или укинувањето на Корпоративните правила за заштита на приватноста не ја ослободуваат компанијата од обврските и/или одредбите на Корпоративните правила за заштита на приватноста кои што важат за употребата на веќе пренесените податоци. Понатамошен пренос на податоци од и кон оваа компанија може да се случи ако се обезбедат други соодветни процедурални правила во согласност со барањата на Европското законодавство.

Втор дел
Принципи

Оддел 1 Транспарентност на обработката на податоците

§ 5 Обврска за информирање

Субјектите на лични податоци треба да бидат информирани за тоа како се користат нивните лични податоци во согласност со надлежното законодавство и под следните услови.

§ 6 Содржина и форма на информациите

(1) Компанијата соодветно треба да ги информира субјектите на лични податоци за следново:
а)Идентитетот на контролорот (контролорите) и нивните податоци за контакт;
б) Податоци за контакт на офицерот за заштита на податоци;
в) целта на обработката на податоците, како и правната основа за обработката и периодот на чување на личните податоци;
г) доколку личните податоци се пренесуваат на трети страни, примателот, обемот и целта (целите) на таквиот пренос треба да бидат познати;
д) правата на субјектите на личните податоци во врска со обработката на нивните податоци.

(2) Без оглед на избраниот медиум, субјектите на лични податоци треба да ги добијат овие информации на јасен и лесно разбирлив начин.

§ 7 Достапност на информациите

Информациите се достапни на субјектите на лични податоци кога податоците се собираат и, последователно, секогаш кога е доставено барање за информација.

§ 8 Евидентирање на сите категории на активности за обработка на податоци

Компаниите водат евиденција за сите категории на активности за обработка на податоци што ги вршат.
Евиденцијата ги содржи следните информации:
а) назив и податоци за контакт на компанијата, на претставникот и на офицерот за заштита на податоци;
б) опис на категориите на активностите и целите за обработка;
в) категории на приматели и трети страни на кои ќе им бидат обелоденети или пренесени податоците;
г) имињата на третите земји и документите за соодветна заштита доколку овие Корпоративни правила за заштита на приватноста не се применливи;
д) онаму каде што е можно, временските рокови за бришење и

ѓ) онаму каде што е можно, општ опис на техничките и организациските безбедносни мерки.

Оддел 2
Услови за дозволена обработка на личните податоци

§ 9 Принцип
(1) Личните податоци ќе се обработуваат само под следниве услови и нема да се обработуваат за други цели освен за целите за кои првично биле собрани.
(2) Обработката на собраните податоци за други цели ќе биде дозволена само ако се исполнети условите за дозволеност во согласност со следните услови (ограничување на целта).

§10 Дозволена употребата на личните податоци
Личните податоци може да се обработуваат доколку се исполнети еден или повеќе од следните критериуми:
(а) законски е експлицитно дозволено податоците да се обработуваат на планираниот начин;
(б) субјектот на лични податоци дал согласност за обработката на неговите податоци;
(в) неопходно е да се обработуваат податоците на овој начин со цел компанијата да ги исполни своите обврски презмени со договор со субјектот на лични податоци, вклучувајќи ги нејзините обврски за информирање и/или второстепените обврски или со цел компанијата да спроведе пред-договорни или пост-договорни мерки за иницирање или обработка на договор на барање на субјектот на лични податоци;
(г) податоците треба да се обработат за целите на исполнување на законска обврска од страна на компанијата;
(д) неопходно е да се обработат податоците за да се заштитат виталните интереси на субјектот на лични податоци;
(ѓ) неопходно е да се обработат податоците за да се изврши одредена задача која што е во јавен интерес или која што претставува дел од примена на јавно овластување, и со која е задолжена компанијата или трета страна на која што и се пренесени податоците;
е) Неопходно е да се обработат податоците со цел да се реализираат легитимните интереси на компанијата или трета страна/страни до кои се пренесуваат податоците, под услов овие интереси да не преовладуваат над интересите на субјектот на лични податоци кои се предмет на заштита.

§ 11 Согласност на субјектот на лични податоци
Се смета дека субјектот на лични податоци ја дал својата согласност врз основа на § 10 (1), точка b) од овие Корпоративни правила за заштита на приватноста доколку:

(а) Согласноста е дадена експлицитно, доброволно и врз база на информираност на субјектот на лични податоци во однос на делокругот за што тој/таа се согласува. Формулацијата на изјавите за согласност треба да биде доволно прецизна и истовремено да ги информира субјектите на лични податоци за нивното право да ја повлечат нивната согласност во секое време. За бизнис моделите каде повлекувањето води кон неисполнување на договорните обврски, субјектот на лични податоци треба да биде информиран за тоа.
Согласноста е добиена во форма којашто е соодветна за околностите (писмена форма). Во исклучителни случаи согласноста може да се добие усно, доколку изјавата за согласност и посебните околности кои ја прават усната согласност адекватна се доволно документирани.

§ 12 Автоматски индивидуални одлуки вклучувајќи профилирање

a) Одлуки кои што вршат процена на индивидуалните аспекти на одредено лице (профилирање) и кои што може да резултираат со правни последици за нив или кои што може да имаат значителен негативен ефект врз нив, не треба да се базираат исклучиво на автоматизирана обработка на податоците. Ова особено вклучува одлуки за кои се значајни податоците за кредитоспособноста, професионалната соодветност или здравствената состојба на субјектот на лични податоци.
b) Доколку, во поединечни случаи, постои објективна потреба за донесување на автоматизирани одлуки, субјектот на лични податоци треба веднаш да биде информиран за резултатот на автоматизираната одлука и да му се даде можност да даде коментар во рамките на соодветен временски период. Коментарите на субјектот на лични податоци треба да бидат соодветно земени во предвид пред да се донесе конечната одлука.

§ 13 Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг
Онаму каде што податоците се обработуваат за целите на директен маркетинг, субјектите на лични податоци треба да се:
а)информираат за начинот на кој нивните податоци ќе се обработуваат за цели на директен маркетинг;
б) информираат за нивното право да побараат во секое време нивните лични податоци да не се обработуваат за цели на директна маркетинг комуникација, и
в) информираат за примената на своето право да не примаат такви комуникации.
г) тие особено треба да добијат информации за компанијата до која што треба да се поднесе приговорот.

§ 14 Посебни категории на лични податоци
(1) Обработката на посебни категории на податоци е дозволена само кога истата е регулирана со законските прописи или врз основа на однапред добиена согласност од субјектот на лични податоци. Исто така обработката ќе биде

дозволена, доколку е неопходно, да се обработат податоците со цел да се исполнат правата и обврските на компанијата во областа на трудово право, под услов да се преземени соодветни мерки на заштита и истото да не е забрането со позитивните закони.

(2) Пред да се почне со таквата обработка, компанијата соодветно го информира својот Офицер за заштита на лични податоци и ја документира оваа постапка. Кога се врши процена на дозволеноста, потребно е да се обрне посебно внимание на природата, обемот, целта, неопходноста и законската основа за обработката на личните податоци.

§ 15 Минимизација на податоците, одбегнување непотребна обработка на податоци, ограничување на чување, анононимизација и псевдонимизација

Личните податоци треба да бидат соодветни, релевантни и да не се прекумерни во однос на конкретната цел за која ќе се обработуваат (минимизација на податоците). Податоците се обработуваат во рамките на одредена апликација само тогаш кога е неопходно (одбегнување на непотребна обработка на податоци). Податоците мора да се чуваат во форма што овозможува идентификување на субјектите на лични податоци во период што не го надминува времето што е потребно за нивна обработка (ограничување на чување).

Секаде каде што е можно и економски разумно, треба да се користат процедури за бришење на податоците за идентификација на субјектите на лични податоци (анонимизација) или да се направи замена на податоците за идентификација со други карактеристики (псевдонимизација).

§ 16 Забрана за обврзување

Користењето на услуги или приемот на производи и/или услуги не смее да биде условено со согласност на субјектите на лични податоци за употреба на нивните податоци за други цели освен за иницирање или исполнување на договор. Ова ќе се применува само доколку не е можно или не е разумно можно субјектот на лични податоци да користи слични услуги или производи.

Оддел 3
Пренос на лични податоци

§17 Природа и цел на пренесувањето на лични податоци

(1) Лични податоци може да се пренесат само кога страната примател ја презема одговорноста за примените податоците (преносот) или кога примателот ги обработува податоците само во согласност со инструкциите и барањата на страната која го врши пренос (договор за обработка на податоци).

(2) Личните податоци може да се пренесуваат само за дозволените цели во согласност со § 10 од овие Корпоративни правила за заштита на приватноста како дел од деловните активности или законските обврски на компанијата или по добивање согласност од субјектите на лични податоци.

§ 18 Пренос на податоци

(1) Доколку една компанија пренесува податоци до тела кои имаат седиште во трета земја или врши пренос на податоци надвор од националните граници, треба да се преземат чекори за да се осигури дека податоците правилно се пренесуваат. Соодветни мерки за заштита на приватноста и безбедност на податоците ќе се договорат со примателот пред податоците да се пренесат. Дополнително, лични податоци, особено податоците собрани во ЕУ или ЕЕО, може да се пренесуваат само до контролори надвор од Европската унија доколку е обезбедено соодветно ниво на заштита на приватноста на податоците со користење на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста или други соодветни мерки, како што се стандардните договорни клаузули на ЕУ или индивидуални договорни спогодби кои што ги задоволуваат релевантните барања на европското право и применливите права на субјектите на лични податоци и применливите правни лекови за субјектите на лични податоци што се достапни во смисла на Дел 5 од овие Корпоративни правила за заштита на приватноста.

(2) Врз основа на барањата на Групацијата Дојче Телеком и општо прифатените технички и организациски стандарди, треба да се преземат соодветни технички и организациски мерки за да се гарантира безбедноста на личните податоци, вклучувајќи го и нивниот пренос до друга страна.

§ 19 Обработка на податоците со ангажирање на трети страни[1]

(1) Кога компанија (корисник) ангажира трета страна (изведувач) да обезбедува услуги во нејзино име во согласност со нејзините инструкции, тогаш покрај договорот за услуги што ја уредува работата што треба да се изврши, договорот исто така ги утврдува и обврските на изведувачот како страна ангажирана за обработка на податоците. Овие обврски ги утврдуваат инструкциите на корисникот во однос на видот и начинот на обработка на личните податоци, целта на обработката и техничките и организациските мерки коишто се неопходни за заштита на податоците.

(2) Изведувачот не смее да ги користи личните податоци (што му се доверени заради реализација на услугата) за свои цели на обработка или такви цели на трета страна, без претходна согласност од корисникот. Изведувачот однапред ќе го извести корисникот за евентуални планови да го пренесе извршувањето на услугата на подизведувачи кои се

[1] Овој дел не е одредба во смисла на работниот документ 195 од член 29 на работната група на Европската комисија.

трети страни, со цел да ги исполни своите договорни обврски. Корисникот има право на приговор во врска со ангажирањето на под-изведувачи. Доколку е дозволено ангажирањето на под-изведувачи, изведувачот ги обврзува да ги почитуваат барањата коишто произлегуваат од договорите склучени помеѓу изевдувачот и корисникот.

(3) Под-изведувачите се избираат според нивната способност да ги исполнат горенаведените барања.

Оддел 4
Квалитет и безбедност на податоците

§ 20 Квалитет на податоците

(1) Личните податоци треба да се точни и, онаму каде што е неопходно, да бидат ажурни (точност на податоците).

(2) Имајќи ја предвид целта за која што се користат податоците, треба да се преземаат соодветни мерки за да се осигури дека сите неточни или нецелосни информации се бришат, блокираат или, ако тоа е неопходно, коригираат.

§ 21 Безбедност на податоците – технички и организациски мерки - планирана и стандардна заштита на податоци

Компанијата презема соодветни технички и организациски мерки за компаниските процеси, ИТ системи и платформи што се користат за собирање, обработка или користење на податоци за да се заштитат овие податоци, а коишто се оценуваат на редовна основа во однос на нивната ефикасност.

Таквите мерки треба да вклучуваат:

а) спречување на пристап од страна на неовластени лица до системите за обработка на податоци на кои се обработуваат или користат личните податоци (контрола на пристап);

б) осигурување дека системите за обработка на податоци не можат да се користат од страна на неовластени лица (контрола на забрана за користење);

в) осигурување дека лицата кои се овластени за користење на системот за обработка на податоци можат да пристапат исклучиво до податоците до коишто имаат овластен пристап (контрола на пристап до податоците), и дека личните податоци не можат, во текот на обработката, да се читаат, копираат, менуваат или бришат од страна на неовластени лица (на пр. преку енкрипција);

г) осигурување дека личните податоци не можат да се читаат, копираат, менуваат или бришат од страна на неовластени лица, во текот на електронскиот пренос, транспортот или евидентирање на податочни медиуми, и дека е можно да се проверат и идентификуваат контролорите до кои личните податоци се пренесуваат со опрема за пренос на податоци (контрола на пренос на податоци);

д) осигурување дека е можно ретроактивно да се испита и увиди дали и од кого личните податоци се внесени, изменети или избришани во системите за обработка на податоци (контрола на внес на податоци);

ѓ) осигурување дека аутсорсираните лични податоци можат да се обработуваат само во согласност со инструкциите на корисникот (контрола на изведувач);

е) осигурување дека личните податоци се заштитени од случајно уништување или загуба (контрола на достапност);

ж) осигурување дека податоците што се собрани за различни цели можат одделно да се обработуваат (правило за поделба).

Трет дел
Права на субјектите на лични податоци

§ 22 Право на пристап

(1) Субјектите на лични податоци имаат право во секое време да контактираат било која компанија која ги обработува нивните податоци и да ги побара следните информации:

а) Личните податоци што се чуваат за нив, вклучувајќи го нивното потекло и примателот (примателите);

б) Целта на обработка;

в) Лицата и контролорите до кои нивните податоци редовно се пренесуваат, особено ако податоците се пренесуваат до трета земја;

г) Одредбите од овие Корпоративни правила за заштита на приватноста.

(2) Релевантните информации се стават на располагање на барателот во разбирлива форма во разумен временски рок. Генерално ова треба да се врши во писмена форма или по електронски пат. Обезбедувањето на печатен примерок на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста ќе биде доволно како начин за пренесување на информации за нивните барања.

(3) Кога тоа е дозволено според релевантното национално законодавство, компанија може да наплати надомест за обезбедување на дополнителни копии од релевантните информации побарани од страна на субјектот на лични податоци.

§ 23 Право на приговор, право на бришење или блокирање на податоци и право на корекција

(1) Субјектите на лични податоци може да вложат приговор против употребата на нивните податоци во секое време доколку овие податоци се користат за цели кои што не се законски дозволени.

(2) Ова право на приговор се применува и во случај субјектите на лични податоци претходно да се согласиле со

употребата на нивните податоци.

(3) Оправданите барања за бришење или блокирање на податоците треба навремено да се реализаираат. Таквите барања се оправдани особено кога правната основа за употребата на податоците престанува да важи. Ако субјектот на лични податоци има право да бара бришење на податоците, но бришењето на податоците не е возможно или за тоа е потребен непропорционално голем напор, податоците ќе се заштитат од недозволена употреба со блокирање. Статутарно утврдените рокови на чување на податоците треба да се почитуваат.

(4) Субјектите на лични податоци можат да побараат од компанијата да ги коригира личните податоци кои што ги има за нив во било кое време, ако овие податоци се нецелосни и/или неточни.

(5) За деловни модели во кои повлекувањето или бришењето води кон неисполнување на договорни обврски, субјектот на лични податоци треба да биде информиран за тоа.

§ 24 Право на приговор, право на бришење или ограничување на обработката и право на корекција

(1)Субјектите на лични податоци може да вложат приговор против употребата на нивните податоци во секое време доколку овие податоци се користат за цели кои што не се законски обврзувачки.

Ова право на приговор се применува и во случај субјектите на лични податоци претходно да се согласиле со употребата на нивните податоци.

Легитимните барања за бришење или ограничување на обработката треба навремено да се реализираат. Таквите барања се легитимни особено кога правната основа за употребата на податоците престанува да важи. Законските рокови на чување треба да бидат запазени.

(2)Субјектите на лични податоци можат да побараат од компанијата да ги коригира личните податоци кои што ги има за нив во било кое време, ако овие податоци се нецелосни и/или неточни.

За бизнис моделите каде повлекувањето или бришењето води кон неисполнување на договорните обврски, субјектот на лични податоци треба да биде информиран за тоа.

§ 25 Право на појаснување, коментари и санација

(1) Доколку субјектот на лични податоци тврди дека неговите/нејзините права се повредени со незаконска обработка на неговите/нејзините податоци, особено со обезбедување на докази со кои се потврдува прекршувањето на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста, одговорните компании треба да дадат соодветно објаснување на фактите без намерно одложување. За податоците пренесени особено на компании надвор од Европската унија, компанијата со седиште во Европската унија треба да даде објаснување и да обезбеди докази дека страната примател не ги прекршила барањата наведени во овие Корпоративни правила за заштита на приватноста, ниту е одговорна за било каква предизвикана штета. Компаниите во таков случај треба да соработуваат за да ги појаснат фактите и меѓусебно ќе си доделат пристап до сите информации кои што им се неопходни за таа цел.

(2)Засегнатиот субјект на податоци може да достави приговор до Групација Дојче Телеком во секое време доколку се сомнева дека одредена компанија членка на Групацијата Дојче Телеком не ги обработува неговите податоци во согласност со законските барања или одредбите од овие Корпоративни правила за заштита на приватноста. Основаниот приговор ќе се разгледа во рамки на соодветен временски период и субјектот на лични податоци ќе биде соодветно информиран во рок од еден месец за статусот на обработката. Овој период може да биде продолжен за два дополнителни месеци доколку е потребно, имајќи ги предвид сложеноста и бројот на барањата, а субјектот на лични податоци мора да биде соодветно информиран.

(3)Доколку еден приговор се однесува на неколку компании, Офицерот за заштита на лични податоци на компанијата што е најзапознаен со предметното прашање ќе ја координира сета релевантна кореспонденција со субјектот на лични податоци. Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата има право да го примени своето право на суброгација и преземање во секое време.

(4)Ќе се воспостават соодветни канали за пријавување на инциденти поврзани со приватноста на податоците (како што е посебна адреса за електронска пошта обезбедена од Офицерот за заштита на лични податоци или директен онлајн контакт).

(5)Офицерот за заштита на лични податоци на засегнатата компанија го информира Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата за инцидент поврзан со приватноста на податоците без одложување, со користење на релевантните процеси за пријавување и ќе обезбеди документација за инцидентот поврзан со приватноста на податоците, што ќе биде на располагање на надлежните органи на барање.

(6)Субјектите на лични податоци може да поднесат барање согласно со Дел Пет од овие Корпоративни правила за заштита на приватноста, доколку нивните права се повредени или ако тие претрпеле било каква загуба.

§ 26 Право на прашање и приговор

Секој субјект на лични податоци има право во секое време да контактира со Офицерот за заштита на лични податоци на компанијата, која што ги користи неговите/нејзините лични податоци со прашања и приговори поврзани со примената на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста. Компанијата која што е најзапознаена со предметот или компанијата која што ги собрала податоците на субјектот на лични податоци ќе обезбеди правата на субјектот на лични податоци да бидат правилно испочитувани од страна на другите одговорни компании.

§ 27 Остварување на правата на субјектите на лични податоци

Субјектите на лични податоци нема да бидат ставени во неповолна положба затоа што ги искористиле овие права. Употребената форма на комуникација со субјектот на лични податоците – на пример, по телефон, електронски или во писмена форма – треба да го почитува барањето на субјектот на лични податоци, секаде каде тоа е возможно.

§ 28 Печатен примерок од Корпоративните правила за заштита на приватноста

Печатен примерок од овие Корпоративни правила за заштита на приватноста треба да се обезбеди на барање на било кое лице.

Четврти дел
Организација на заштитата на лични податоци

§ 29 Одговорност за обработка на податоците

Компаниите се обврзани да го осигурат почитувањето на законските одредби за заштита на лични податоци како и на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста.

§ 30 Офицер за заштита на лични податоци

(1) Секоја компанија треба да назначи независен Офицер за заштита на лични податоци, чија што задача е да обезбеди поединечните организациски единици на таа компанија да бидат запознаени со законските и интерните барања на компанијата/ Групацијата за заштита на податоците и особено, со овие Корпоративни правила за заштита на приватноста. Офицерот за заштита на лични податоци треба да користи соодветни мерки, особено ревизии по случаен избор, да го следи почитувањето на регулативите за заштита на податоците.

(2) Компанијата ќе се консултира со Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата пред да назначи Офицер за заштита на лични податоците.

(3) Компанијата треба да обезбеди Офицерот за заштита на лични податоци да ја поседува релевантната експертиза за евалуацијата на законските, техничките и организациските аспекти на мерките за заштита на приватноста на податоците.

(4) Компанијата треба на Офицерот за заштита на лични податоци да му обезбеди финансиски и кадровски ресурси неопходни за извршување на неговите/нејзините должности.

(5) На Офицерот за заштита на лични податоци треба да му се овозможи право да одговора директно пред менаџментот на компанијата и организациски да биде поврзан со менаџментот на компанијата.

(6) Офицерот за заштита на лични податоци на секоја компанија е одговорен за спроведување на барањата на Офицерот за заштита на лични податоците на Групацијата и стратегијата за приватност на податоците на Групацијата Дојче Телеком.

(7) Сите сектори на секоја компанија се обврзани да го информираат Офицерот за заштита на лични податоци на нивната компанија за било какви настани во ИТ инфраструктурата, мрежната инфраструктура, бизнис моделите, производите, обработката на податоците на вработените и соодветните стратешки планови. Офицерот за заштита на лични податоци ќе биде информиран за новите настани во рана фаза за да може да обезбеди сите прашања поврзани со заштита на приватноста на податоците да се разгледуваат и оценуваат.

§ 31 Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата

(1) Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата ги координира процесите на соработка и договарање за сите значајни прашања поврзани со заштита на приватноста на податоците во рамките на Групацијата Дојче Телеком. Тој го информира ГИД на Групацијата Дојче Телеком за тековните настани и подготвува нацрти за препораки, таму каде тоа е неопходно.

(2) Должност на Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата е да ја развива и унапредува политиката за заштита на приватноста на податоците на Групацијата Дојче Телеком, во консултација со Офицерите за заштита на лични податоци на компаниите на Групацијата кога тоа е соодветно. Овие Офицери за заштита на лични податоци ќе ја развиваат политиката за заштита на приватноста на податоците за своите компании во согласност со политиката за заштита на приватноста на податоците на Групацијата. Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата и Офицерите за заштита на лични податоци од националните компании ќе се состануваат годишно за да споделат информации на Меѓународните состаноци на лидерите за заштита на приватност (настани лице во лице).

§ 32 Должност за информирање во случај на прекршоци

Засегнатата компанија веднаш го информира својот Офицер за заштита на лични податоци за било каков прекршок или јасна индикација за прекршок на регулативите за заштита на податоци, особено на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста. Офицерот за заштита на лични податоци потоа веднаш го информира Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата доколку инцидентот има потенцијал да влијае на јавноста, засега повеќе од една компанија или вклучува потенцијална загуба од повеќе од 500.000 евра. Офицерот за заштита на лични податоци исто така го информира Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата доколку се извршат било какви промени на законите што се применуваат на компанијата, а кои се значително неповолни во однос на почитувањето на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста.

§ 33 Проверки на степенот на заштита на податоците

(1) Проверките за утврдување на усогласеноста со барањата уврдени во овие Корпоративни правила за заштита на приватноста и степенот на заштита на податоците како резултат од примена на истите треба да се извршуваат од страна на Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата како дел од годишниот план за ревизија , како и со користење на други мерки, како што се ревизии извршени од Офицерите за заштита на лични податоци на компаниите и известување.

(2) Интерни и надворешни ревизори треба да ги спроведуваат ревизиите на Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата. Редовни само-оценувања исто така се извршуваат во рамките на Групацијата Дојче Телеком, под координација на Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата. ГИД на Групацијата Дојче Телеком треба да биде информиран за резултатите од најзначајните ревизии и за последователно договорените мерки. Одговорното надлежно тело за заштита на податоците добива примерок од резултатите од ревизијата на барање. Надлежно тело одговорно за компанијата исто така може да иницира ревизија. Компанијата треба да обезбеди што е можно повеќе поддршка за овие ревизии и да ги имплементира мерките произлезени од истите.

(3) Компанијата ќе преземе релевантни мерки за отстранување на било какви слабости идентификувани за време на ревизија и Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата ќе ја следи имплементацијата на овие мерки. Доколку компанијата не ги имплементира мерките без оправдани причини, Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата ќе го оцени влијанието на заштита на приватноста на податоците и ќе ги преземе потребните дејства, со ескалација на прашањето кога тоа е неопходно.

(4) Офицерите за заштита на лични податоци на компаниите или други организациски единици ангажирани да спроведуваат ревизии исто така ги извршуваат проверките врз основа на наменските планови за ревизија документирани во писмена форма, за да утврдат дали компаниите ги почитуваат обврските за заштита на податоците.

(5) Во отсуство на законски ограничувања, Офицерот за заштита на лични податоците на Групацијата и Офицерите за заштита на податоците се овластени да проверат, во сите компании и во нивната компанија соодветно, дали личните податоци правилно се употребуваат. Засегнатите компании ќе им одобрат на Офицерот за заштита на лични податоците на Групацијата и Офицерите за заштита на лични податоците целосен пристап до информациите кои што тие ќе ги побараат заради појаснување и оценка на определена ситуација. Офицерот за заштита на личните податоци на Групацијата и Офицерите за заштита на лични податоците имаат право да даваат инструкции во оваа смисла.

(6) Како дел од нивните ревизии, Офицерите за заштита на лични податоците на компаниите користат стандардизирани процедури кои важат за целата Групација, на пример универзални ревизии за заштитата на податоците, секогаш кога тоа е возможно. Таквите процедури може да се стават на располагање од страна на Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата.

§ 34 Обврска и обука на вработените

(1) Компаниите треба да ги обврзат своите вработени со обврската за тајност на податоците и телекомуникациите најдоцна до моментот на почетокот на нивното вработување. Вработените ќе добијат соодветна обука за прашањата поврзани со приватноста на податоците, при превземање на оваа обврска. Компанијата треба да ги иницира соодветните процеси и да обезбеди ресурси за реализација на оваа цел.

(2) Вработените треба редовно да добиваат основна обука за заштита на приватноста на податоците или најмалку во период на секои две години. Компаниите имаат право да развијат и водат наменски курсеви за обука за нивните вработени. Офицерот за заштита на лични податоци на секоја компанија треба да го документира спроведувањето на овие обуки и да го информира Офицерот за заштита на личните податоци на Групацијата на годишна основа.

(3) Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата може централно да стави на располагање ресурси и процеси за обука и превземање на обврска за тајност на вработените на Групацијата Дојче Телеком.

§ 35 Соработка со надлежни тела

(1) Компаниите се согласни да соработуваат заедно врз основа на доверба со одговорното надлежно тело за нив или за компанијата што пренесува податоци, особено за одговарање на прашања и следење на препораки.

(2) Во случај на промена во надлежното законодавството на една компанија, која може да има значителни негативни ефекти на гаранциите обезбедени со овие Корпоративни правила за заштита на приватноста, засегнатата компанија го информира одговорното надлежно тело за промената.

§ 36 Одговорни контакти за прашања

Офицерите за заштита на лични податоци на компаниите или Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата се контактите одговорни за постапување по прашања поврзани со овие Корпоративни правила за заштита на приватноста. Офицерот за заштита на лични податоци на Групацијата ќе ги обезбеди деталите за контакт за Офицерите за заштита на лични податоци на компаниите на барање.

Офицерот за заштита на лични на податоци на Групацијата може да се контактира на

datenschutz@telekom.de
privacy@telekom.de
+49-228-181-82001

во текот на редовното работно време (Централно европско време).

Петти дел
Одговорност

§ § 37 Област на примена на правилата за одговорност

(1) Овој Дел Пет од Корпоративни правила за заштита на приватноста се однесува исклучиво на обработката на личните податоци коишто спаѓаат во делокругот на Општата регулатива за заштита на податоци 2016/679.

(2) Во рамките на ЕУ/ЕЕО, важат одредбите за законска одговорност на земјата во која се наоѓа седиштето на компанијата. За податоци коишто не се предмет на § 36, Дел 1 од КПЗП, одредбите за законска одговорност на земјата во која соодветната компанија што ги собрала податоците има регистрирано седиште, или доколку не постојат законски одредби, се применуваат условите на компанијата којашто ги собрала податоците.

(3) Плаќањето на казнена отштета, каде што компанијата мора да изврши плаќања кон субјектот на податоците коишто ја надминуваат самата штета, изречно се исклучува како можност.

§ 38 Обесштетувач

(1) Секое лице коешто претрпело штета како резултат на прекршувањето на една или повеќе обврски утврдени во Корпоративни правила за заштита на приватноста од страна на компанија членка на Групацијата Дојче Телеком или од страна на примателите на податоци на кои компанија членка на Групацијата Дојче Телеком им ги пренесла податоците, има право на соодветен надомест на штета од засегнатите компании на Групацијата Дојче Телеком.

(2) Субјектот на податоци исто така има право да бара отштета од Групацијата Дојче Телеком. Доколку Дојче Телеком ја плати оштетата, истата има право да бара надомест од компаниите коишто се одговорни за загубата или коишто ја ангажирале третата страна што ја предизвикала истата.

(3) Субјектот на податоците првично треба да бара отштета од компанијата којашто ги пренела или префрлила податоците. Доколку таквата компанија не се смета за одговорна де јуре или де факто, тогаш Субјектот на податоците има право да бара отштета од компанијата што ги примила податоците. Компанијата што ги примила податоците нема право да се повлече од одговорност по пат на повикување на одговорноста на изведувач во случај на прекршување.

(4) Субјектот на податоците има право во кое било време да достави приговор до одговорниот надлежниот орган во земјата-членка каде се наоѓа неговото живеалиште, работно место или местото на наводно прекршување или до надлежниот орган одговорен во Групацијата Дојче Телеком.

§ 39 Товар на докажување

Товарот на докажување за соодветната употреба на податоците на субјектот на податоците го сносат одговорните компании.

§ 40 Права на корисници трети страни за субјектите на лични податоци

Доколку субјектот на лични податоци нема никакви директни права, тој/таа ќе има право, како корисник трета страна, да поднесува барања против компаниите кои што ги прекршиле нивните договорни обврски, врз основа на одредбите од овие Корпоративни правила за заштита на приватноста.

§ 41 Место на надлежност

Според дискреционото право на поединецот, место на надлежност за поднесување на приговори може да биде
а) местото каде што засегнатиот поединец живее или
б) во рамките на надлежноста каде што членката на групацијата има седиште или,
в) седиштето на ЕУ или на европската членка на Групацијата со делегирани одговорности за заштита на податоци.

§ 42 Вонсудска арбитража

(1) Трети лица коишто сметаат дека нивното лично право на приватност е прекршено како резултат на фактичка обработка или сомневање за преработка на нивните лични податоци имаат право да побараат Офицерот за заштита на податоци на компанијата да биде арбитар за прашањето. Офицерот за заштита на податоци има право да го разгледа приговорот и да го извести субјектот на податоците за неговите права. При тоа, Офицерот за заштита на податоци е должен да ја задржи доверливоста на другите лични податоци на лицето кое приговара, освен доколку истото не го ослободи Офицерот за заштита на податоци од таквата обврска. На барање на засегнатото лице, се прават напори да се постигне спогодба во врска со приговорот, при што се инволвирани субјектите на податоците и Офицерот за заштита на податоци. Таквата спогодба исто така може да опфаќа и препорака во однос на надомест на каква било штета претрпена како резултат на прекршувањето на правото на субјектот на податоци на приватност на истите. Оваа препорака е

обврзувачка за засегнатите компании доколку истата е одобрена со меѓусебна согласност.
(2) Правото да се поднесе приговор до одговорниот надлежен орган, било пред надлежниот орган во земјата-членка каде се наоѓа неговото живеалиште, работно место или местото на наводно прекршување или да се преземе правно дејствие остануваат незасегнати

Шести дел
Завршни одредби

§ 43 Ревидирање и дополнување на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста
Офицерот за приватност на податоци на ниво на Групација треба редовно да ги разгледува Корпоративни правила за заштита на приватноста, и тоа најмалку еднаш годишно, со цел да ја утврди нивната усогласеност со применливото законодавство, и при тоа да ги врши неопходните прилагодувања.
Сите значителни измени и дополнувања на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста коишто стануваат неопходни како резултат на извршените прилагодувања со цел да бидат усогласени со законските барања се договараат со надлежниот орган. Таквите измени и дополнувања се применуваат директно за сите компании коишто ги потпишале Корпоративни правила за заштита на приватноста по истекот на соодветен период на транзиција.
Офицерот за приватност на податоци на ниво на Групација треба да ги извести сите компании коишто ги вовеле Корпоративните правила за заштита на приватноста.
Офицерите за заштита на податоци на компаниите се должни да испитаат дали измените и дополнувањата на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста имаат какви било импликации на законската усогласеност во нивната земја или дали истите се спротивни на законските одредби што важат во нивната соодветна земја. Доколку компанијата не е во можност да ги имплементира измените и дополнувањата поради оправдани законски причини, истата треба веднаш да го информира Офицерот за приватност на податоци на ниво на Групација и одговорниот надлежен орган и, доколку е релевантно, овие Корпоративни правила за заштита на приватноста треба привремено да бидат суспендирани за таа компанија.

§ 44 Листа на контакти и компании
Офицерот за приватност на податоци на ниво на Групација треба да води листа на сите компании коишто ги вовеле овие Корпоративни правила за заштита на приватноста, како и контакт лицата во тие компании. Тој треба редовно да ја ажурира листата и да ги известува субјектите на податоци на барање. Еднаш годишно, компетентниот надлежен орган добива ажурирана листа на компании кои ги вовеле Корпоративните правила за заштита на приватноста на обврзувачки начин.

§ 45 Процесно право/клаузула за неприменливост на одредби
Овие Корпоративни правила за заштита на приватноста се раководат според процесното право на Сојузна Република Германија во случај на спорови.
Доколку поединечни одредби од овие Корпоративни правила за заштита на приватноста се или станат ништовни, истите ќе се сметаат за заменети со одредби коишто најблиску ги пренесуваат првичните намери на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста и ништовните одредби. Во случај на сомневање, во вакви случаи или при отсуство на релевантни одредби се применуваат важечките прописи за заштита на податоци на Европската унија.

§ 46 Објавување
Компаниите ќе ги направат информациите во врска со правата на субјектите на податоци и клаузулата за права на корисници трети страни достапни за јавноста во соодветен формат, како во белешките за заштита на податоци на Интернет. Овие информации се објавуваат веднаш штом овие Корпоративни правила за заштита на приватноста ќе станат обврзувачки за компанијата.

Седми дел
Дефиниции и термини

Анонимизација
Анонимизација значи процес на измена на информации на таков начин што личните податоци и другите факти повеќе да не можат да се поврзат со физичкото лице коешто е идентификувано или може да се идентификува или пак не можат повеќе да се поврзат со таквото лице без непропорционално големи напори од аспект на време, трошок и енергија.

Автоматизирани индивидуални одлуки
Значи одлуки коишто имаат правни импликации за субјектите на податоците или коишто имаат значително негативно влијание врз истиот и коишто се базираат исклучиво на автоматизирана обработка на податоците наменета за оценување на одредени лични аспекти на субјектот на податоците, како неговите резултати на работното место, кредитната способност, стабилноста, однесувањето и др.

Компанија
значи која било компанија којашто подлежи на овие Корпоративни правила за заштита на приватноста. За референтни

цели, се чува посебна листа на овие компании и истата редовно се ажурира. Листата може да се прегледа во секое време.

Контролор
значи физичко или правно лице кое ги одредува целите и средствата за обработка на лични податоци.

Субјектот на податоци
значи кое било физичко лице *секое физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци, односно лице* со чиишто лични податоци се постапува во рамките на Групацијата Дојче Телеком.

Групација Дојче Телеком
значи Дојче Телеком АД и сите компании во кои Дојче Телеком АД директно или индиректно поседува повеќе од 50% удел или коишто се целосно консолидирани**.**

Холдинг Групација
Холдинг Групација во моментов подразбира Дојче Телеком АД, со седиште на Фридрих-Еберт-Але 140, 53113, Бон, Германија.

Лични податоци
Значи какви било информации поврзани со физичко лице коешто е идентификувано или може да се идентификува (субјект на податоци); лицето може да биде идентификувано директно или индиректно, особено со повикување на идентификациски број или на еден или повеќе фактори специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет.

Псевдонимизација
значи обработка на лични податоци на начин на кој личните податоци повеќе не можат да се поврзат со одреден субјект на податоци без употреба на дополнителни информации, под услов тие дополнителни информации да се чуваат посебно и да подлежат на технички и организациски мерки за да се осигури дека личните податоци не можат да се поврзат со физичко лице кое што е идентификувано или може да се идентификува.

Обработка
значи секоја операција или збир на операции што се изведуваат врз лични податоци врз збир на лични податоци, на автоматски или друг начин, како што е: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, пронаоѓање, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, дисеминација или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

Примател
значи кое било физичко или правно лице, јавен орган, агенција или кој било орган на кој му се обелоденуваат лични податоци, без оглед на тоа дали станува збор за трета страна или не. Сепак, јавните органи коишто можат да примаат податоци како дел од еднократно барање не се сметаат за примател.

Посебни категории на лични податоци
значи податоци со кои се открива етничкото потекло, политичките мислења, религиозните или филозофските верувања, членството во синдигати или генетички податоци, биометрички податоци за цели на единствено идентификување на физичко лице, податоци за здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичко лице.

Трета страна
значи секое физичко или правно лице, државен орган или тело, кое не е субјект на лични податоци, контролор, обработувач или лице кое под директно овластување на контролорот или обработувачот е овластено да обработува лични податоци.